Република Северна Македонија
Општина Аеродром
Совет на општина Аеродром
Бр. 09-472/12
31.12.2021 год.
СКОПЈЕ



# ПРОГРАМА
# ЗА ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2022 ГОДИНА

Програмата за поддршка на активности од областа на културата во Општина Аеродром за 2022 година, има за цел институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите и слични културни вредности, организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво и одбележување на настани и личности од значење за општината.

Општина Аеродром, оваа Програма ќе ја реализира во рамки на можностите и расположливите средства во Буџетот на Општината за конкретните намени.

Оваа Програма ќе се спроведува во текот на 2022 година.

## I. Поддршка на културни манифестации, проекти и активности од значење за општината, а кои се организираат на нејзиното подрачје

### 1. Цел

Основна цел на оваа активност е техничка и финансиска поддршка на културни манифестации, проекти и активности, организирани на подрачјето на Општина Аеродром, а кои имаат за цел подобрување на културниот живот на жителите на Општина Аеродром, како и афирмирање на културното наследство на Општината.

Општина Аеродром во рамки на своите можности, преку надлежниот Сектор за образование, спорт, култура и заштита, може и самата да иницира и организира културни манифестации, проекти и активности во Општината.

### 2. Корисници

Корисници на оваа културна поддршка се жителите на Општина Аеродром.

### 3. Мерки

Општина Аеродром, како поддржувач на културни манифестации, проекти и активности, во рамки на своите можности, по доставено барање или по објавен јавен повик може да дава техничка, организациска и финансиска поддршка на владини, невладини организации, национални установи, културно-уметнички друштва и здруженија на граѓани кои ќе реализираат настани од областа на културата.

### 4. Носител

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на Програмата за поддршка на културата на Општина Аеродром за 2022 година, може да се спроведува од страна на Општина Аеродром, преку надлежното одделение за организациони работи на Општина Аеродром, Секторот за образование, спорт, култура и заштита и Секторот за финансии на Општина Аеродром.

### 5. Извори на средства

Средствата за поддршка на културни манифестации, проекти и активности од значење за општината, а кои се организираат на нејзиното подрачје, се предвидени во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година и тоа од следните потпрограми:

- Потпрограма К4 – Културни манифестации и творештво, потставка 464990 – Други трансфери (Поддршка во вид на спонзорство за театарски претстави) 1.200.000,00 денари;
- Потпрограма К4 – Културни манифестации и творештво, потставка 464990 – Други трансфери (Поддршка на културно уметнички друштва) 500.000,00 денари;